# Вовед

Вториот број на "Ревијата за социјална политика" е фокусиран на анализа на состојбите и политиките поврзани со животниот стандард во Македонија. Стремежот "Ревијата" да ги анализира најактуелните, горливи проблематики и состојби, беше основна причина за изборот на оваа тема. Имено, во периодот од јули 2008 година, до затворањето на овој број, во Република Македонија се донесоа и усвоија неколку законски измени и дополнувања, кои во голема мера ќе влијаат врз животниот стандард во Македонија. Во тој контекст, како релеватни ќе ги споменеме измените и дополнувањата на Законот за работни односи, предлог Законот за придонеси за задолжително социјално осигурување, како и мерки за субвенционирање на наталитетот кои произлегуваат од претходно донесената Стратегија за демографски развој на РМ. Истовремено, на глобален план се соочуваме со глобалната економска криза, која, исто така, свои последици ќе остави како врз животниот стандард на населението на глобално, така и на национално/локално ниво.

Во тој контекст, авторите на статиите во овој број (Ефтимоски, Узунов, Драговиќ и Пејковски) од различни аспекти ги анализираат начините на мерење, тенденциите и проблемите поврзани со животниот стандард во Македонија. Рубриката: Анализи и осврти, исто така, дава свој придонес на оваа тема, па така, преку ставовите на Сојузот на синдикати на Македонија (Мановски) се здобиваме со еден независен став за можните негативни ефекти и низа отворени прашања што произлегуваат од Законот за придонеси за задолжително социјално осигурување. Во истата рубрика, даден е осврт (Борнарова, Арнаудова, Новковска) на неколку позначајни меѓународни и национални настани поврзани со квалитетот на живеење на различни категории население (стари, корисници на услуги за ментално здравје, корисници на социјална парична помош). Како новина, во овој број се јавува рубриката: Интервјуа, во која преку своите искуства во праксата стручни лица говорат за одредени состојби поврзани со животниот стандард во Македонија. Така, претставникот на Државниот завод за статистика (Нолев) ги отсликува главните начини на мерење на животниот стандард, како и одредени сознанија поврзани со потрошувачката во Република Македонија. Претставниците на невладината организација, Хабидат Македонија преку приказ на своите проектни активности укажуваат на проблемите поврзани со субстандардното живеење во Македонија. "Ревијата", на крајот нуди прилог од социјална статистика, повторно поврзана со животниот стандард,

цените, платите и потрошувачката во Македонија.

Се надеваме дека и овој број ќе предизвика интерес кај читателите на “Ревијата”, дека анализираната тема ќе придонесе за поголема критичка дебата во јавноста. Истовремено, ги повикуваме сите заинтересирани да учествуваат со свои прилози во “Ревијата” и со тоа да ги збогатат содржините на истата.

Уредник,
Маја Геровска Митев